Бр. 20-647/3

**Скопје, 28.06.2021 г.**

**ЗАПИСНИК**

ОД СЕДНИЦАТА НА ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА СКМ
ОДРЖАНА НА ДЕН **03.06.2021 година**

На седницата присуствуваа сите членови на Комисијата: д-р Ненад Цветановски, претседател на Централна изборна комисија, д-р Костадин Митев, д-р Милан Нацевски, д-р Александар Стојановски и д-р Ридван Алили.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на Централната изборна комисија, д-р Ненад Цветановски го предложи следниот дневен ред:

-Усвојување на Предлог-дневниот ред;
1. Усвојување на записник од последна седница на Комисијата одржана на ден 13.05.2021 година;
2. Спроведување на одлуки од Собрание на СКМ;
3. Разно.

- Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен без измени и дополнување.

**1. Усвојување на записникот од седницата на Комисијата одржана на ден 13.05.2021 година**

Записникот од последната седница на Комисијата одржана на ден 03.06.2021 година едногласно беше усвоен без измени и дополнувања.

**2. Спроведување на одлуки од Собрание на СКМ**

По однос на оваа точка беше разгледано **Известувањето од Претседателот на Собранието на СКМ со Барање за спроведување на понатамошна постапка бр.20-577/1 од 11.05.2021 година** и беа разгледани одлуките на Собранието и тоа:

- **Одлука бр. 02-435/8** за утврдување престанок на членство во Комората на д-р Благој Поповски и
- **Одлука бр. 02-435/9** за утврдување престанок на членство во Комората на д-р Андреја Рендевски.

Согласно одлуките на Собранието на СКМ, на двајца членови од Регионален одбор Битола, кои воедно се и делегати на Собранието, им престанало членството во Комората согласно член 15 став 1 точка 4 од Статутот на СКМ, а врз основа на тоа, согласно член 15 став 3 од Статутот на СКМ, со престанок на членувањето, на членовите им престануваат и сите права, должности и активности во Комората. Членовите д-р Благој Поповски и д-р Андреја Рендевски се членови на Регионален одбор Битола и делегати во Собранието на СКМ, па бидејќи се исполнети условите од член 20 став 1 точка 1 и 5 од Статутот на СКМ, потребно е да **им престане мандатот и пред времето за кое се избрани.** Од таа причина, Комисијата заклучи дека е потребно да се спроведат избори во Регионален одбор Битола, за подрачјето на општините: Битола, Могила, Новаци, Ресен и Демир Хисар.

Согласно **член 11** од *Правилникот за избор и отповикување на членови на регионални одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија* ***бр. 02-1684/1 од 22.12.2017 г.,*** **Централната изборна комисија ги подготвува и спроведува изборите и постапката за отповикувањето на членови во регионалните одбори и делегатите на Собранието на Комората.**

Согласно **член 4** од Правилникот за избори, **изборите за членови во регионалните одбори, за делегати во Собранието** и за претседател на Стоматолошката комора на Македонија, секои четири години **ги распишува Претседателот на Комората,** најдоцна 90 дена пред истекот на мандатот на делегатите на Собранието. **Одлуката за распишување на изборите** задолжително се објавува на официјалната веб-страната на Комората. Со денот на донесување на одлуката за распишување на избори, почнуваат да течат роковите за спроведување на изборните дејствија.

**Согласно член 59 од Правилникот за за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр. 02-1684/1 од 22.12.2017 г.,** во случај на настапување на условите од член 57 на овој правилник, односно **доколку на членот на Регионалниот одбор и на делегат на Собранието му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран**, а во конкретниот случај - **престанок на членувањето во Комората**, за спроведување на избори за пополнување на испразнето место член во регионален одбор, **се применуваат одредбите на Правилникот кои се однесуваат на редовните избори за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Комората**. Во случај на настапување на условите од член 57 на Правилникот за избори, за нов делегат во Собранието на Комората на место на делегатот чиј мандат престанал стапува следниот член од Регионалниот одбор кој имал најголем број на гласови на последните одржани избори. Доколку бројот на делегати од определен регион се исцрпи, односно сите членови од соодветниот регионален одбор станат делегати во Собранието, **се применуваат одредбите на Правилникот кои се однесуваат на редовните избори за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Комората.**

Централната изборна комисија ја задолжува Стручната служба на Комората да ги информира членовите на Комората дека ќе се спроведат избори и за таа цел потребно е да се ажурира списокот на членови на РО Битола.

Централната изборна комисија, на својата седница ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Да се ажурира списокот на членови на РО Битола.

Се задолжува Стручната служба на Комората, на веб-страната на Комората да објави список со членови на Стоматолошката комора на Македонија од РО Битола со имиња и број на лиценци само на оние доктори на стоматологија за кои Комората има евиденција дека се со платена членарина заклучно со 2020 година.

Членството на сите доктори кои не се во списокот и покрај важечката лиценца за работа е прекинато со што ги изгубиле сите права и обврски како членови на Комората, бидејќи согласно член 15 став 4 од Статутот на СКМ, членството во Комората престанува поради неоправдано неплаќање на годишна членарина подолго од 12 месеци.

Комисијата едногласно одлучи, сите **доктори на стоматологија од РО Битола, кои нема да платат членарина заклучно со 2020 година, а најдоцна до 09.07.2021 година**, нема да ги има на листата која ќе се „заклучи" на 10.07.2021 година и ќе се смета за избирачки список за РО Битола, со што нема да можат да го искористат своето право на глас на претстојните избори во Р.О. Битола, ниту да бидат предложени за членови на Регионалниот одбор и делегати во Собранието на СКМ.

Комисијата одлучи до Претседателот на Комората да испрати **Известување** за одржување на избори.

**3.** По однос на оваа точка немаше дискусија.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот на Комисијата ја затвори седницата.

Следната седница на Комисијата е закажана за **28.06.2021 г.,** во 11:00 часот.

Седницата заврши во 12:20 часот.

**Записникот е составен од видео-снимка од состанокот.**

Записничар,
Ана Ангелеска

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател на**
**Централна изборна комисија,**
д-р Ненад Цветановски
М.П.